„Не зборувајте лошо за умрените, бидејќи тие се сретнаа со тоа што го подготвија (на овој свет)

Од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не зборувајте лошо за умрените, бидејќи тие се сретнаа со тоа што го подготвија (на овој свет)."

[رواه البخاري] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека е забрането да се навредуваат мртвите и да се сквернави нивната чест. Ова претставува многу лошо однесување бидејќи мртвите го добиле тоа што го подготвиле со добрите или лошите дела во текот на нивниот живот. Исто така, ова навредувањето не стигнува до нив, туку може само да им штети на живите.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5364